


ISO 9001
Q-1441

**3.07.2025-Четврток**

# ПРОТОКОЛ



**Утре (4 јули), Советот на Општина Гевгелија ќе ја одржи 64. седница**

Советот на Општина Гевгелија, утре- 4 јули 2025 година ќе ја одржи својата 64. седница, со почеток во 10:30 часот, во Малата сала на Народниот театар во Гевгелија. За работа на седницата е предложен следниот дневен ред:

1. Информација за работата на Локалната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција во општина Гевгелија,
2. Информација за работата на Општинската комисија за определување имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија,
3. Информација за детското престапништво на територијата на општина Гевгелија,
4. Информација за состојбата со занаетчиската дејност во општина Гевгелија,
5. Предлог-Одлука за прифаќање на Иницијативата за воведување еднонасочен режим на сообраќај на улицата „Миле Пецанов“ во Гевгелија,
6. Предлог-Одлука за обезбедување финансиска поддршка од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година на Леонид Цуклев од Гевгелија за учество на Интернационалната олимпијада по информатика во Боливија и на Балканската олимпијада по информатика во Италија,
7. Предлог-Решение за давање согласност на дополнувањето на Годишниот план за вработување во ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за 2025 година,
8. Предлог-Одлука за продолжување на работното време на угостителскиот објект „Бел Рај“- Миравци на 25.07.2025 и 26.07.2025 година,



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk

Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk






**3.07.2025-Четврток**

9. Предлог-Решение за разрешување член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи- Гевгелија како претставник на Општина Гевгелија,
10. Предлог-Решение за именување член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи- Гевгелија како претставник на Општина Гевгелија.



ГЕВГЕЛИЈА




ISO 9001
Q-1441

## 3.07.2025-Четврток

# НАСТАНИ




**3 јули: Завршен концерт на Секцијата за гитара**

Јулската програма за „Гевгелија град на култура за 2025 година" започнува со посебен музички настан- Завршен концерт на Секцијата за гитара при ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито"- Гевгелија, којшто ќе се одржи денес (3 јули 2025 година), со почеток во 20:00 часот. Концертот ќе се одржи на отворено, на платото пред Народниот театар- Гевгелија.

Под менторство на посветениот наставник Костадин Динев, младите гитаристи изминатата година вложија голем труд и посветеност во развојот на своите музички вештини. Со богатиот концертен репертоар ќе имаат можност да го истакнат својот талент и љубов кон инструментот преку овој завршен концерт кој ќе ги презентира нивните најдобри изведби, но и да понудат музичко доживување кое ќе задоволи различни вкусови и ќе го привлече вниманието на поширока публика.

Пионерски дом со работата на оваа секција уште еднаш го потврдува своето значење како образовна и културна институција која вложува во развојот на младите и ја поттикнува нивната креативност и љубов кон музиката, а преку Концертот во рамки на „Гевгелија град на култура за 2025 година" ќе ги презентира годишната работа и трудот на младите гитаристи што се преточуваат во уметнички израз кој ќе ги допре сите присутни.



**3.07.2025-Четврток**




**4 јули: Изложба на Детската летна ликовна школа**

Детската ликовна летна школа при ЈОУ Пионерски дом „Јосип Броз Тито“- Гевгелија завршува денеска (3 јули 2025 година). Во текот на овие летни денови, младите учесници имаа уникатна можност да ги развијат своите ликовни вештини и креативност под стручно менторство на реномираниот уметник м-р Александар Јанев. Преку разни техники и ликовни изрази, децата се запознаа со светот на уметноста и создаваа свои оригинални дела со нивната имагинација и талент.

Завршната изложба на создадените ликовни дела ќе биде поставена во просториите на Пионерски дом- Гевгелија и ќе се отвори утре (4 јули 2025 година). Оваа изложба е дел од богатата програма за „Гевгелија град на културата 2025“ и ќе биде одлична можност за граѓаните и љубителите на уметноста да ги видат резултатите од трудот и инспирацијата на младите ликовни творци.

Во рамки на манифестацијата„Гевгелија град на културата 2025“, Општината во тесна соработка со локалните институции од областа на културата посебно ги истакнува и поддржува младите таленти. Оваа иницијатива има за цел да им обезбеди простор и можности за развој и изразување на нивниот креативен потенцијал, со што се гради културна иднина на градот, која ќе биде богата и инспиративна за сите генерации.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

3.07.2025-Четврток




**4 јули: Етнолошка изложба на ЗГ "Миравчка свадба Ѓуро Мара"**

Во рамки на манифестацијата „Гевгелија град на културата за 2025 година“, утре (4 јули 2025 година), со почеток во 20:30 часот, во Уметничката галерија „Аман“ ќе биде отворена етнолошката изложба на Здружението на граѓани „Миравчка свадба Ѓура Мара“.

Изложбата претставува богата етнолошка поставка составена од автентични предмети, народни носии, рачно изработени ткаенини, алати и декоративни елементи од различни краеви на Македонија што се во сопственост на Здружението. Секој експонат носи своја приказна, сведочи за начините на живеење, секојдневието и духовната култура на нашите предци. Преку внимателна селекција на материјали, изложбата нуди ретка можност за посетителите да се запознаат со традиционалната македонска култура, нејзиниот колорит, симболика и израз на народната уметност.

Настанот е во организација на Националната установа Музеј- Гевгелија.



Ул.Димитар Влахов бр.4
Гевгелија
www.gevgelija.gov.mk
Тел.++389 34 611-353
тел./факс. ++389 34 211-211
e-mail : kabinet@gevgelija.gov.mk

**3.07.2025-Четврток**

## ИНФОРМАЦИИ



**<u>Ново детско катче за најмалите во ЈОУДГ "Сончогледи"- Гевгелија</u>**

Во дворот на Детската градинка „Сончогледи“ во Урбан блок 4.4 е уредено ново современо детско катче, наменето за игра, забава и развој на најмладите. Катчето е опремено со софистицирана и безбедна мека подлога, како и со едукативни содржини кои придонесуваат за социјализација и моторен развој на децата. Просторот е збогатен со соодветна урбана опрема и оформен како безбедна, функционална и пријатна средина за најмладите.

- Ме радува тоа што ова детско катче покрај децата од предучилишната возраст, ќе имаат можност да го користат сите дечиња кои живеат во овој дел од градот. Ова е уште еден чекор напред во унапредувањето на условите за згрижување и едукација на најмладите во нашата заедница. Продолжуваме со посветена работа за секое дете во нашата општина, бидејќи тие заслужуваат безбедна, квалитетна и инспиративна средина за раст и развој- истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Андон Сарамандов.






**3.07.2025-Четврток**



## Увид во градежните активности во ЈЗУ Општа болница со про ширена дејност- Гевгелија, донација од "Конти Хидропласт"

Градоначалникот на Општина Гевгелија, Андон Сарамандов, заедно со директорот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, д-р Патрик Матх и претставници од компанијата „Конти Хидропласт“ извршија увид во тековните градежни активности за реконструкција на две значајни болнички одделенија.

Средствата за оваа реконструкција се обезбедени како донација од страна на општествено одговорната гевгелиска компанија „Конти Хидропласт“, а истата опфаќа комплетно обновување на Одделението за детска превентивна стоматологија и Интерното одделение.

Оваа инвестиција ќе овозможи значително подобрување на условите за престој и третман на пациентите, како и за работа на медицинскиот персонал.

Градоначалникот Сарамандов ја поздрави соработката помеѓу јавниот и приватниот сектор, истакнувајќи дека токму ваквите примери ја покажуваат важноста на заедничките вложувања во унапредување на здравствените услуги и општото добро на заедницата.



**3.07.2025-Четврток**




## Гевгелија домаќин на стартот на кампањата "Безбедно во лето - Вози одморен"

Од граничниот премин „Богородица“ официјално започна летната едукативно-превентивна кампања на Министерството за внатрешни работи и Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата „Безбедно во лето - Вози одморен“, насочена кон зголемување на безбедноста на патиштата за време на туристичката сезона. Настанот се одржа со активно учество на Општина Гевгелија, претставници од Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот, Црвениот крст- Гевгелија и сообраќајната полиција.

На промоцијата присуствуваше и министерот за внатрешни работи Панче Тошковски, кој заедно со претседателот на Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Горан Ангелов, го означи почетокот на кампањата, чија цел е да се подигне свеста за ризиците што ги носи заморот зад воланот, особено на фреквентниот Коридор 10.

Градоначалникот на Гевгелија, Андон Сарамандов, ја истакна важноста на оваа акција за регионот, имајќи го предвид интензивниот транзит низ гевгелиското подрачје. Во рамки на настанот, тој оствари средба со министерот Тошковски, на која разговараа за можностите за проширување на капацитетите на граничниот премин „Богородица“, со цел побрз проток и намалување на метежите во туристичката сезона.

Во рамки на кампањата беа поделени едукативни материјали на возачите со совети за безбедно возење, како: редовни паузи, хидрирање, одморено патување и избегнување ноќно возење и високи дневни температури.

- Нашата цел е да влијаеме на свеста на возачите, да патуваат одговорно, да ги почитуваат правилата и да ја избегнуваат возачката исцрпеност, која често води до трагични последици- порача министерот Тошковски.

Претседателот на РСБСП, Горан Ангелов, додаде дека заморот и намалената концентрација се меѓу водечките причини за летните сообраќајни несреќи, кои во просек одземаат 15 животи месечно.




**3.07.2025-Четврток**




## Отворено пријавувањето за Меморијалниот турнир во мал фудбал "Никола Гелебешев 2025 година"

Во организација на ЗГ Навивачка група „Фантоми Север“- Гевгелија, ова лето ќе се одржи третото по ред издание на Меморијалниот турнир во мал фудбал „Никола Гелебешев“ 2025. Турнирот ќе започне на 10 јули и ќе трае до 30 јули, а пријавувањето на екипите е веќе отворено и ќе биде активно најдоцна до 8 јули. Котизацијата за учество изнесува 1.000 денари по екипа.

Овој Меморијален турнир се организира во чест и спомен на гевгелискиот тренер и голман Никола Гелебешев, човек кој беше повеќе од спортист- тој беше вистински ментор и инспирација за младите генерации. Низ неговите тренерски раце и фудбалско менторство поминаа многу млади фудбалери, на кои им пренесе љубов кон спортот, дисциплина, посветеност и фер-плеј вредности што се паметат и носат со гордост.

На годинешното издание, право на учество ќе имаат следните возрасни категории: првата група ја сочинуваат генерациите родени 2008, 2009 и 2010 година; втората група се генерациите 2011 и 2012; третата група се децата родени 2013 и 2014; четвртата група опфаќа генерации родени 2015 и 2016, а петтата група е наменета за најмладите, родени 2017 година и помали.

Меморијалниот турнир „Никола Гелебешев“ веќе прераснува во вистинска спортска традиција во Гевгелија. Тој е симбол на младоста, спортот, другарството и спомените што не бледеат. Преку спорт, младите секоја година ја продолжуваат неговата оставнина- со борба на теренот, со почит меѓу себе и со љубов кон играта. Затоа, формирај ја својата екипа, пријави се и биди дел од најголемиот младински фудбалски настан во градот. За младите - за иднината!

